РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-3777/2
17-11-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 54-та седница одржано на ден 02.11.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата број 09-3777/1 од 03.11.2020 година, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-3777/1 од 03.11.2020година.

Предметот со број 09-3777/1 од 03.11.2020година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 09-3777/1 од 03.11.2020 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител против лицето -----------, член на Управен одбор на АД -------------------", со наводи за злоупотреба на својата службена положба и овластувања. Имено, според наводите во пријавата, лицето ---------- својата положба на член на УО во наведената компанија – креатор на политики за игри на среќа ја користи за бенефит и привилегија за сопствената фирма -------------------- Скопје која има отворено 6 (шест) електронски казина под франшизата, односно лиценцата на трговското друштво -----------------

По разгледување на пријавата, ДКСК утврди дека во конкретниот случај „--------------" не е креатор на политики и регулатор на игрите на среќа во Република Северна Македонија, туку приредувач на игри на среќа.

Врз основа на претходно наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК.
Изработил: Е.М, советник
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk